РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АПЕЛАЦИОНЕН СУД ШТИП
Су.бр.1123/2019
11.11.2019 година
ШТИП

Претседателот на Апелационен суд Штип Наке Георгиев врз основа на чл, 88 од Законот за судови (Сл. Весник на РМ бр.58/06, 35/08, 150/10, 83/18, 96/19, а в.в со чл. 6 ст. 2 од Законот за волонтерство (Сл.Весник на РМ бр. 85/07,161/08 и147/15), на ден 11.11.2019 година ја донесе следната:

# П Р О Г Р А М А

## ЗА ВОЛОНТИРАЊЕ
## ВО АПЕЛАЦИОНЕН СУД ШТИП

### I. Општи одредби

1. Со оваа програма се пропишува начинот на вршење на волонтерските услуги во Апелациониот суд во Штип, согласно Законот за волонтерство(Сл. Весник на РМ бр. 85/07,161/08 и 147/15).
2. Во Апелациониот суд во Штип годишно можат да се ангажираат волонтери во согласност со:

- потребите на Апелационен суд Штип.

- Годишниот распоред за работа на судот.

Претседателот на судот бројот на волонтери кои се ангажирани во судот го определува согласно условите и тековната работа на судот.

### II. Волонтерство

1.Волонтерот во судот е физичко лице со завршено високо образование или стекнати најмалку 180 кредити според ЕКТС или со средно образование кое дава услуги, знаења, вештини или вршење на други активности во корист на судот, на доброволна основа и без финансиски или други лични добивки.

2.Волонтерот за давање на услугите, знаењата и вештините за работите од надлежност на судот има право на надоместок на трошоци за храна и трошоците за превоз до и од местото на волонтирањето во висина до 15% од просечната месечна плата во Републиката исплатена за претходната година, а трошоци за службени патувања и трошоци за обука (до колку за тоа има потреба), се исплатуваат во иста висина како за вработените во судот.

3.Апелационуиот суд во Штип води евиденција на волонтерската работа на сите волонтери во која се внесуваат следниве податоци:

лични податоци на волонтерот(име и презиме, матичен број, место на живеење), број на договор склучен со физичко лице, времетраење на договорот, времетраење на волонтерските часови во текот на месецот, вид и времетраење на обуката која волонтерот ја имал за време на волонтирањето, потпис на волонтерот и лицето овластено за застапување и печат.

4. За извршената волонтерска работа на волонтерот му се издава волонтерска книшка. Во волонтерската книшка се опишуваат работите кои ги вршел волонтерот и периодот во кој ги извршувал тие работи.

5. Волонтерот во судот согласно оваа Програма и во зависност од видот и степенот на обвразованието ќе извршува волонтерски услуги како:

- подршка во кривичен оддел.
- подршка во граѓански оддел.
- подршка во граѓанска и кривична писарница .
- подршка во сметководство и благајна.
- подршка во одделението за информатика.

6. Правата и обврските на волонтерите кои произлегуваат од вршењето на волонтерски услуги во судот ќе бидат регулирани со договор за волонтерство, согласно прописите за волонтерство.

### III. Преодни и завршни одредби

1. Оваа програма стапува во сила со денот на нејзиното донесување.

2. Програмата за волонтирање во судот ќе се објави на веб-страната на Апелационен суд Штип www.sud.mk/wps/portal/asstip.

АПЕЛАЦИОНЕН СУД ШТИП
Претседател
Наке Георгиев